Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar | 27.08.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 1005 - | 851/1 | | |

( Образец ПП……)

**До:** Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
тел. [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: информација од поштенска книга за предмет жалба од [redacted] од првостепена комисија повратна уста информација дека нема одговор од жалба кст? дека од второстепена нема ништо доставено! ниту можте оригинал документи (на нотар заверени)
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- (д) друго Во хартиена форма со печат од институција
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- (д) друго На рака лично
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Скопје 27.08 **2021 година .**

**Потпис**
[redacted]
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

06.09. 2021

**Архивски број:** 1005-851/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен позитивно одговори на Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] доставено до Државната комисија на ден 27.08.2021 година и заведено под број 1005-851/1
2. Бараната информација ќе биде доставена на начин и во форма како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

[redacted] на ден 27.08.2021 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст Државна комсија) достави Барање за пристап до информации од јавен карактер и истото во комсијата е заведено под број 1005-851/1.

Во барањето е наведено Јовче Петковски како подносител на барањето за пристап до информации од јавен карактер од имателот, во овој случај Државна комисија, бара да му се достави информација од поштенска книга за предмет жалба од [redacted] бидејќи од првостепена комисија добил повратна усна информација дека се уште не е доставен одговор на жалба, ниту пак неговите оригинал документи заверени на нотар.

Притоа, во барањето е наведено дека начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е во хартиена форма со печат на институција, а начинот на доставување на информацијата е лично на рака.

При постапувње по доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисијата го имаше предвид член 20 став 1 од законот, каде е наведено дека ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.

Исто така, во член 21 став 1 од законот е предвидено дека имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука позитивно да одговори на истото и бараната информација до подносителот ќе биде доставена на начин како што е наведено во самото барање.

При постапување по барањето, Државната комисија го имаше предвид и член 6 од законот каде се наведени исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

СКОПЈЕ - SHKUP

Изготвил: Наталија С.Филипова